**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Гордана Џутеска**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Охрид, Струга и Дебар**
**ул.Димитар Влахов бр.14**
**тел. 046/264-466**

**Образец бр.66**

**И.бр. 187/2020**

Извршителот Гордана Џутеска од Охрид, ул.Димитар Влахов бр.14 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот ( предлагач) Гоце Симјаноски како законски наследник од прв наследен ред на покојниот Љубе Симјановски бивш од Скопје со решение Он.НОВ бр.1019/25 УДРбр.23/25 од 11.06.2025 година на Нотар Филип Докиќ од Скопје, Драган Симјановски од Скопје преку полномошник Адвокат Љубе Симјановски засновано на извршната исправа ВПП-67/09 од 18.12.2009 година на Основен суд Струга, против должници (противници) Кочоски Горан од Струга, Кочова Царева од Струга, Кочоска Снежана од Струга, Илија Кочо од Скопје како законски наследник на покојниот Кочоски Јоне бивш од Струга со решение О.бр.314/22 УДР.бр.63/22 од 27.09.2022 година на Нотар Сашо Ѓурчиноски од Струга и Аница Деребанова како единствен законски наследник на покојната Деребанова Анастасија бивша од Битола со решение О.бр.1044/2021 УДР.бр.128/21 од Нотар Николина Јакимоска од Битола, за спроведување на извршување во вредност од 4.233.414,00 денари, на ден 06.07.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижниот имот опишан во имотен лист 341 за КО Струга како: КП.бр.1367 на м.в. Д. Влахов, катастарска култура ГЗ ГИЗ површина од 197 м.к.в.,КП.бр.1367 на м.в. Д. Влахов, катастарска култура ГЗ ЗПЗ 1 површина од 79 м.к.в.,КП.бр.1367 на м.в. Д. Влахов , катастарска култура ГЗ ЗПЗ 2 површина од 9 м.к.в. и недвижност опишана како во геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени деловоден број 0810-064/4-21 од 10.05.2021 година на ДГКР ГЕОПЛАН ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Охрид и тоа: КП.бр.1367 на м.в. Димитар Влахов, Зграда 1, кат приземје, влез 1, стан 1 , станбена површина СТ=61 м.к.в. без правен основ и КП.бр.1367 на м.в. Димитар Влахов, Зграда 1, кат 1, влез 1, стан 1, станбена површина СТ=73 м.к.в. без правен основ, а врз основа записник за преземање извршни дејствија – попис на недвижност И.бр.187/2020 од 06.05.2021 година на Извршител Гордана Џутеска, која недвижност е во сосопственост на Гоце Симјаноски како законски наследник од прв наследен ред на покојниот Љубе Симјановски бивш од Скопје со решение Он.НОВ бр.1019/25 УДРбр.23/25 од 11.06.2025 година на Нотар Филип Докиќ од Скопје со 1/10 (дел на недвижност), Драган Симјановски од Скопје со 1/10 (дел на недвижност), Кочоски Горан од Струга со 1/10 (дел на недвижност), Кочова Царева од Струга со 1/10 (дел на недвижност), Кочоска Снежана од Струга со 2/10 (дел на недвижност), Илија Кочо од Скопје како законски наследник на покојниот Кочоски Јоне бивш од Струга со решение О.бр.314/22 УДР.бр.63/22 од 27.09.2022 година на нотар Сашо Ѓурчиноски од Струга со 2/10 (дел на недвижност) и Аница Деребанова како единствен законски наследник на покојната Деребанова Анастасија од бивша од Битола со решение О.бр.1044/2021 УДР.бр.128/21 од Нотар Николина Јакимоска од Битола со 2/10 (дел на недвижност), заради наплата од продажба на предметна недвижност, а согласно решение ВПП 67/09 од 18.12.2009 година на Основен суд Струга.

Продажбата ќе се одржи на ден 07.08.2026 година во 13:00 часот во просториите на Извршителот Гордана Џутеска од Охрид со седиште на ул.Димитар Влахов бр.14.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.187/2020 од 11.03.2026 година на извршител Гордана Џутеска, изнесува 4.233.414,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености:

-Налог за извршување врз недвижност И.бр.187/2020 од 18.02.2020 година на Извршител Гордана Џутеска,
-Записник за превземење на извршни дејствија – попис на недвижност И.бр.187/2020 од 06.05.2021 година на Извршител Гордана Џутеска.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката на извршителот Гордана Џутеска со број 200001924409473, депонент на Стопанска банка АД Скопје, ЕДБ 5026009500380.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Даноците и другите издатоци во врска со продажбата на недвижноста паѓаат на товар на купувачот.

Овој заклучок ќе се објави во дневниот весник „НОВА МАКЕДОНИЈА“ и електронски на веб страната на КИРМ.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Гордана Џутеска

Д.-на: доверител
должник
Град Струга - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци

X ______________________________

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на територијата каде што ќе се спроведува извршувањето согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.